**АКАДЕМИЈА**
**за обука на судии и јавни обвинители**
**и нивни заменици на Република Македонија**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2007 година

**Скопје, јануари 2008**

Врз основа на член 18, став 1, алинеја 4, а во врска со член 9, став 1, алинеја 12 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија”, бр.13/2006), по предлог на директорот на Академијата, Управниот одбор на Академијата на 30 јануари 2008 година го усвои следниот

# Годишен извештај за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2007 година

## I ДЕЛ - ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

### I. РАБОТА НА РАКОВОДНАТА И СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АКАДЕМИЈАТА

1. Целосното започнувањето со работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и активностите за обука на судиите и јавните обвинители и другите судско обвинителски кадри е приоритет во реформите на судството во Република Македонија за јакнење на неговата компетентност, професионалност и независност, што претставува значаен предуслов и критериум за отпочнување на преговорите на Република Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија.

Согласно Националната програма за усвојување на правото на европската унија (НПАА) проектирани се среднорочните приоритети на Академијата во поглед на институционалното зајакнување, кадровско екипирање и јакнење на административните капацитети, и во текот на 2007 година беа предвидени 5 нови вработувања во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

За таа цел, Академијата, до Судскиот буџетски совет поднесе барање за обезбедување на согласност за 5 нови вработувања за 2007 година.

Судскиот буџетски совет поднесе барање за обезбедување на мислење до Агенцијата за државни службеници за 3 (три) вработувања и тоа:

- Виш соработник за предлог програми за едукација и обработување податоци
- Соработник за подготвително-административни работи за спроведување едукација
- Соработник за подготвително-административни работи за спроведување на програма за стручно-усовршување на судии и јавни обвинители

Со оглед на важноста од целосното заживување на Академијата и имплементацијата на целите и задачите и реализацијата на активностите предвидени во законот и во Програмата за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители и другите судско-обвинителски кадри и започнувањето со почетната обука на кандидатите за судии и јавни обвинители, а во насока на реализација на Националната програма за усвојување на правото на европската унија (НПАА),

Академијата за обука на судии и јавни обвинители, поднесе барање до Судскиот буџетски совет за уште 2 нови вработувања и тоа:

- Раководител на одделение за финансиско-материјално работење
- Виш соработник за предлог програми за едукација и обработување податоци за стручното усовршување на судиите и јавните обвинители.

Академијата поднесе барање до Генералниот секретаријат на Владата на РМ и Секторот за спроведување на рамковниот договор за вклучување во програмата за две работни места, но ова барање не беше прифатено од Секторот.

**Во 2007 година реализирани се 4 вработувања, што значи во овој момент во Академијата има вкупно 8 државни службеници**. Освен вработени во редовен работен однос, **во Академијата ангажирани се и 5 лица на договор за дело**. Предвидено е во 2008 година со привремените вработувања да се реши нивниот статус, со оглед дека Академијата не смее да има ангажирани работници на договор за дело.




Согласно НПАА, за 2008 година предвидени се 5 нови вработувања, но Академијата побара бројот на вработувања да биде зголемен на 11 вработувања, а заради институционалното зајакнување, кадровско екипирање и јакнење на административните капацитети на Академијата.

2. Раководната структура на Академијата во текот на 2007 година оствари бројни состаноци во земјата и странство со претставници на релевантните институции, домашни и меѓународни, на кои беше разговарано за рамките на можна соработка, или пак беа прецизирани веќе постоечките сегменти на меѓусебна соработка. Исто така, со цел за развивање на способностите и знаењата на директорот, извршниот директор на Академијата како и раководителите на одделенијата за градење на капацитетите за дизајнирање и развој на курикулумите за обука, буџетирање и за стратешко планирање се оствариja голем број на обуки дома и во странство. Особено значајна е меѓународна соработка со одделните школи и академии во Европа (Романија, Албанија, Франција), заради собирање на искуства кои ќе бидат вградени во програмата на Академијата, а приспособени на националните услови, имајќи ја предвид пред се стратегијата за реформа на судскиот систем чиј нераскинлив дел е правилното функционирање на Академијата.

Стручната служба на Академијата, иако недоволно екипирана пружи поддршка во реализацијата на активностите на органите и телата на Академијата со што даде значителен придонес во остварувањето на зацртаните задачи и востанувањето на јавната установа Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Во текот на 2007 година раководната структура и вработените во Академијата оствариja повеќе посети и обуки и тоа:

1. **Директорот на Академијата** беше на следниве посети и обуки:
   - посета на Судот на БиХ од 28 јануари 2007 до 2 февруари 2007 година;
   - учество на регионална конференција на тренинг центрите на Балканот од 6-8 февруари 2007 година во Драч, Албанија;
   - учество на Третата европска конференција на судиите која ќе се одржи на 26 и 27 март 2007 и учесник на 12-от состанок на Консултативниот советот на европските судии во Рим, Италија, од 28 до 30 март 2007 година.
   - студиска посета на Меѓународниот кривичен суд за кривични дела во поранешна Југославија во Хаг од 28 мај до 2 јуни 2007 година.
   - учество на 9-то Генерално собрание на Европската мрежа за судска обука (EJTN) во Триер, Германија од 11 до 13 јуни 2007 година.
   - учество на 13-от состанок на Консултативниот совет на европските судии од 25 до 27 јуни 2007 година во Грац, Австрија.
   - учество на 9-от пленарен состанок на Лисабонската мрежа од 9 до 11 октомври 2007 година во Стразбург, Франција.
   - студиска посета на Националната школа на магистрати во Париз и Бордо, Р.Франција, од 15-17 октомври 2007 година.
   - студиска посета на Административниот суд во Осло, Норвешка од 14-15 ноември 2007 година.
   - учество на 8-та пленарна седница на Консултативниот совет на европските судии во Стразбург, Франција, од 21-23 ноември 2007 година.

2. **Извршниот директор** на Академијата беше на следниве посети и обуки:
   - посета на Судот на БиХ од 28 јануари 2007 до 2 февруари 2007 година;
   - учество на работилница HELP Prorgamme во Стразбург, Франција, на 26.3.2007 година.
   - учесво на 2-от годишен состанок на HELP Prorgamme во Стразбург, Франција на 9 октомври 2007 година.
   - студиска посета на Националната школа на магистрати во Париз и Бордо, Р.Франција, од 15-17 октомври 2007 година.
   - студиска посета на Меѓународниот кривичен суд за кривични дела во поранешна Југославија во Хаг, Холандија од 29 октомври до 2 ноември 2007 година.
   - учество на работна средба за „Зголемување на ефикасноста и зајакнување на институционалните капацитети на правосудните институции и кодификација на граѓанското законодавство“, во Маврово од 22 до 24 ноември 2007 година.

3. **Раководител на одделение за постојано стручно усовршување** на судиите и јавните обвинители и нивните заменици беше на следниве посети и обуки:
   - учесник на евалуациониот состанок на Проектот за дообука на судии, обвинители, адвокати и правници од областа на човековите права во земјите

од Југоисточна Европа во Сараево, БиХ, на 30 март 2007 до 2 април 2007 година.
- учество на вториот состанок на HELP Prorgamme во Стразбург, Франција, од 13 до 15 септември 2007 година.
- учество на регионална конференција на тема „Кроз сарадњу ка интеграцији“ во Пржно, Црна Гора, од 7 до 10 октомври 2007 година.
- студиска посета на Националната школа на магистрати, во Париз и Бордо, Р.Франција, од 15-17 октомври 2007 година.
- учество на презентација на новиот Закон за јавни набавки, Скопје, на 14 декември 2007 година
- учество во обука на тема „Управување со проектен циклус“, од 18-20 декември 2007 година, Скопје.

4. **Раководителот на одделението за човечки ресурси** и поддршка беше на следниве посети и обуки:
   - учество на обука за изготвување на акти за организација и систематизација на работни места, на 26 ноември 2007 година, Скопје.
   - учество на презентација на новиот Закон за јавни набавки, на 14 декември 2007 година Скопје.

5. **Раководител на одделение за информатика** беше на следниве посети и обуки:
   - учество на конференција Microsoft Визија 2007 од 9-10 октомври 2007 година, Скопје.

6. **Советник за административно технички работи** беше на следниве посети и обуки:
   - учество на годишен семинар на секретарки и асистенти на директори во Охрид, од 21, 22 и 23 јуни 2007 година.
   - учество на обука за библиотечно работење на 8- 9 ноември 2007 година во Скопје.

7. **Виш соработник за предлог програми** за едукација и обработување податоци за стручното усовршување на судиите и јавните обвинители беше на следниве посети и обуки:
   - учесник на состанокот на работната група за изготвување на Предлог закон за судска служба, кој се одржа на 2, 3 и 4 мај 2007 година во Струмица.

8. **Соработник за подготвително - административни работи** за спроведување едукација
   - учество во обука на тема „Управување со проектен циклус“, од 24-26 декември 2007 година, Скопје.

9. **Соработник за постојано стручно усовршување**
   - учество на регионална конференција посветена на прашања поврзани со методот на далечинско учење и неговата примена во обуката на судиите и јавните обвинители, која се одржа во Мраковица, Република Српска, на 23 и 24 април 2007 година.

10. **Сметководителот** беше на следниве посети и обуки:

- учество на обука за АБМС (сметководствен програм) од 15-26 јануари 2007 година во Велес

Со поддршка на Проектот CARDS 2004-Техничка помош за поддршка за востановување на Институт за обука на правосудството – II фаза, во текот на минатата година беше обезбеден експерт за подготвување и имплементација на стратегија за управување со буџетот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, г. Никос Антониоу, кој одржа еден вид на обука за изработка на буџет со вработените во Академијата, од што се јави потреба да биде формирана и Буџетска комисија составена од извршниот директор и раководителите на одделенијата, чија задача е да се грижи за правилно одвивање на буџетскиот циклус.

Во организација на Проектот за модернизација на македонското судство, во првата половина на јуни 2007 година се одржа **обука на вработените** во Академијата на тема Јакнење на капацитетите на институцијата. Предавач беше судијата Пол Брокховен, директор на Центарот за обука на судии во Холандија.

3. Во рамките на реализирање на инвестиционата програма и средствата од буџетот за 2007 година, Академијата преку Комисијата за јавни набавки во текот на 2007 година имаше објавено **4 отворени повици** (тендери) и тоа за канцелариски материјал и репроматеријал, секојдневно чистење и одржување на објектите на Академијата, хотелско сместување и развој и дизајн на софтверски решенија. Исто така Комисијата за јавни набавки реализираше **28 набавки од мала вредност**. Посебно треба да се истакне дека набавките беа насочени кон задоволување на основните потреби за функционирање на Академијата вклучително набавка на web страната на Академијата, надградба на компјутерите, лиценци за Microsoft Office, канцелариска опрема, антивирусен програм, осигурување на објекти и опрема, превод на материјали и друго.

4. Вкупниот буџет за 2007 година беше 36.280.000,00 денари, а потрошено е 15.840.697,00 денари. Детален опис за потрошените средства ќе биде приложен во финансискиот план.

## II. ПРАВНА РАМКА И УСВОЕНА ПОДЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

По усвојувањето на Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр. 13/06) и Статутот на Академија за обука на судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр. 99/06) се пристапи кон донесување на општите и подзаконските акти на Академијата при што во периодот 2007 година беа донесени сите подзаконски и општи акти согласно динамиката на НПАА и тоа

- Правилник за начинот и постапката на вршење јавни набавки од мала вредност, усвоен од Управниот одбор, на седница одржана на 26 јануари 2007 година, заедно со Измените и дополнувањата Правилникот за начинот и постапката на вршење јавни набавки од мала вредност, усвоен од Управниот одбор, на седница одржана на 2 април 2007 година;

- Правилник за едукатори и ментори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор на седница одржана на 27 февруари 2007 година;
- Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на квалификацискиот тест во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор на седница одржана на 2 април 2007 година;
- Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на приемниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор на седница одржана на 2 април 2007 година.
- Програма за полагање на приемен испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 3 мај 2007 година,
- Програма за обука на новоизбрани судии и новоименувани обвинители, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 3 мај 2007 година.
- Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката за вршење на јавни набавки од мала вредност и Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката за вршење на јавни набавки од мала вредност, усвоен на седницата одржана на 4 јуни 2007 година;
- Правилникот за утврдување надоместоци на членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за квалификација и прием на кандидати и Комисијата за завршен испит на Академијата, усвоен на седницата одржана на 22 јуни 2007 година; како и Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување надоместоци на членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за квалификација и прием на кандидати и Комисијата за завршен испит на Академијата за обука на судии и јавни обвинители усвоен на на седница одржана на 22.10.2007 година
- Правилникот за надоместоци на едукаторите во почетната обука – теоретска настава и во постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, усвоен на седницата одржана на 22 јуни 2007 година;
- Правилникот за организација и работа на Библиотеката при Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици на Република Македонија, усвоен на седницата одржана на 25 јули 2007 година;
- Календарот за планирани обуки за постојано стручно усовршување, септември - декември 2007 година, усвоен на седницата одржана на 31 август 2007 година;
- Правилникот за реализација на програмите за постојано стручно усовршување на Академијата за обука на судии и јавни обвинители;
- Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за надоместоци на едукаторите во почетна обука – теоретска настава и во постојаното стручно усовршување, усвоени на седницата одржана на 31 август 2007 година;
- Програма за одразување на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија во сите програми на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, усвоена на седницата одржана на 22.10.2007 година;
- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за надоместоци на едукаторите во почетна обука – теоретска настава и во постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, усвоен на седницата одржана на 22.10.2007 година;
- Програма за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд. усвоена на седницата одржана на12 ноември 2007 година;

- Правилник за дополнувања на правилникот за надоместоци на едукаторите во почетна обука – теоретска настава и во постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, усвоен на седницата одржана на 27 декември 2007 година;
- Правилникот за почеток и тек на практичен дел од почетна обука (менторство), усвоен на седницата одржана на 27 декември 2007 година;
- Правилникот за измени на Правилникот за почетокот, редот и дисциплината, дисциплината одговорност и други права и обврски на кандидатите за почетна обука во Академијата – теоретска настава, усвоен на седницата одржана на 27 декември 2007 година;
- Програмите за постојано стручно усовршување на судиите, ЈО и другите целни групи,а подробно наведени подолу

Во текот на 2007 година беа преземени значајни активности во насока на конституирање на органите на Академијата неопходни за нејзино работење. Во оваа смисла, по поднесените предлози од надлежните институции кои учествуваат во работата на Управниот одбор, на деветтата седница на Управниот одбор која се одржа на 27 февруари 2007 година, беа назначени членовите на Програмскиот совет на Академијата како стручен орган на Академијата, додека на тринаесеттата седница на Управниот одбор на Академијата беше конституирана Комисијата за квалификација и прием на кандидати на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Особено битно да се истакне е дека, Управниот одбор на Академијата, на седница одржана на 4 јуни 2007 година, донесе Одлука за распишување јавен оглас за прием на кандидати за следење на програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици на Република Македонија за 2007/2008 година, по што за прв пат во Република Македонија беше спроведена постапка за прием на кандидати за судии и јавни обвинители со што се воведе нов систем за селекција врз основа на прецизен и мерлив систем на заслуги и остварени резултати. По спроведувањето на приемниот испит, на 17 септември 2007 година првата генерација составен од најдобрите 27 кандидати започнаа да ја следат почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во насока на реализација на зацртаните активности, на седница која се одржа на 3 мај 2007 година, Управниот одбор ја утврди Листата на постојани и повремени едукатори во Академијата за спроведување на програмите за почетна обука и постојано стручно усовршување, проширена и дополнувана со постојани и повремени едукатори за спроведување на општите и специјализираните програми на Академијата.

Во рамките на активностите за спроведување на практичниот дел почетната обука на кандидатите за судии и јавни обвинители, Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија до Управниот одбор на Академијата ги доставија и листите на ментори, разгледани на седницата на Управниот одбор одржана на 27 декември 2007 година, со што се створија услови и за отпочнување на практичниот дел од почетната обука.

Сметаме дека е од особено битно значење да го истакнеме Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година каде профункционирањето и работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија е оценета како успешно реализиран приоритет на Република

Македонија во насока исполнување на политичките критериуми за приближување и членство на Република Македонија во Европската Унија.

## III. СТРАТЕГИЈА НА РАБОТА

Основната цел на Академијата е да обезбеди компетентно, независно, и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција преку селекција и спроведување на почетна обука за кандидатите за судии и јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, стручните и административни службеници во судовите и јавните обвинителства, државните службеници од министерството за правда и други целни групи од правосудството на Република Македонија. Заради остварување на овие основни цели, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во соработка со сите институции од правосудството на Република Македонија, спроведува стратегија со која за прв пат во Република Македонија, беше создаден објективен систем насочен кон амортизирање на политичкото влијание при првиот избор на судиите и јавните обвинители, заснован на прецизни и мерливи критериуми како и воведување на задолжително, институционално, финансирано од буџетот, постојано стручно усовршување на сите целни групи од правосудството. Реализацијата на оваа стратегија директно се имплементира преку континуирано спроведување на општите и специјализираните програмите за обука со што ќе се зајакнува ефикасноста и независноста на судиите и ЈО. При креирањето на основните принципи на стратегијата на работењето на Академијата земени се во предвид меѓународните стандарди на современите и со богата традиција тренинг институции во соседството и Европа, принципите содржани во документите на Совет на Европа ( на КСЕС- Мислењата 4 и 9, документите и актите усвоени од Лисабонската мрежа за соработка меѓу тренинг институциите во рамките на Советот на Европа, како и документите на ЕУ а особено на ЕЈТН –Европската мрежа за судска обука.

**ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА**



## IV. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2007 година беа одржани тринаесет седници на Управниот одбор на Академијата на кои се разгледуваа и утврдуваа прашања од неговиот делокруг. Управниот одбор на Академијата во текот на 2007 година работеше во следниот состав, и тоа, како членови по функција:

1. **г. Беќир Исени**, претседател на Судскиот совет на Република Македонија;
2. **г. Дане Илиев**, претседател на Врховен суд на Република Македонија;
3. **г. Љупчо Шврговски**, Јавен обвинител на Република Македонија, и
4. **г. Михајло Маневски**, министер за правда на Република Македонија,

и како назначени членови:

1. **г. Абдулаким Саљиу**, Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија, назначен од колегиумот на Јавното обвинителство на Република Македонија; Претседател на Управниот одбор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители
2. **г. Благој Доновски**, судија на Врховниот суд на Република Македонија, назначен од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија;
3. **г-ѓа Лидија Тасева**, судија на Основен суд Скопје II, назначена од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија;
4. **г. Кире Секуловски**, Виш јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Битола, назначен од Советот на јавни обвинители;
5. **г. Агим Мифтари**, судија на Врховниот суд на Република Македонија, назначен од Здружението на судии на Република Македонија;
6. **г. Стерјо Зиков**, Основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство Скопје, назначен од Здружението на јавни обвинители на Република Македонија, и
7. **г. Исамедин Лимани**, назначен од министерот за правда.

## V. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

На деветтата седница на Управниот одбор беа назначени членовите на Програмскиот совет на Академијата како стручен орган на Академијата во состав

1. **г. Фатон Пачуку**, судија на Врховен суд на Република Македонија, предложен од општа седница на Врховниот суд на Република Македонија;
2. **г. Александар Бошњаковски**, судија на Врховен суд на Република Македонија, предложен од општа седница на Врховниот суд на Република Македонија;
3. **г. Бардуљ Кука**, Јавен обвинител во Јавно обвинителство на Република Македонија, предложен од Колегиумот на Јавното обвинителство на Република Македонија;
4. **д-р Тодор Витларов**, Јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Штип, предложен од Колегиумот на Јавното обвинителство на Република Македонија;
5. **г. Љубин Алексиески**, член на Судски совет на Република Македонија, предложен од Судскиот совет на Република Македонија;

6. **д-р Павлина Јанкуловска**, Јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Битола, предложена од Советот на Јавни обвинители на Република Македонија;
7. **г-ѓа Рахилка Стојковска**, раководител на Секторот за правосудство при Министерство за правда на РМ, сега судија на Управниот суд на РМ предложена од министерство за правда на Република Македонија.

Програмскиот совет на Академијата, во рамки на својата дејност, ги утврди следниве Програми:

- Програмата за почетна обука на кандидати за судии и заменици јавни обвинители, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 4 јуни 2007 година;
- Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 29 јуни 2007 година;
- Програмата за постојано стручно усовршување на стручните службеници во судовите и обвинителствата, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 29 јуни 2007 година;
- Програмата за постојано стручно усовршување на раководните службеници и стручно - административните службеници во судовите и јавните обвинителства, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 29 јуни 2007 година.
- Програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година 12.11.2007

## VI. РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА И ПРИЕМ НА КАНДИДАТИ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

На тринаесеттата седница на Управниот одбор на Академијата беше конституирана Комисијата за квалификација и прием на кандидати на Академијата за обука на судии и јавни обвинители во состав:

1. **г. Васил Грчев**, член на Судски совет на Република Македонија, предложен од Судскиот совет на Република Македонија;
2. **г-ѓа Искра Попова**, генерален секретар на Судски совет на Република Македонија, предложена од Судскиот совет на Република Македонија;
3. **г. Никола Николовски**, судија на Врховниот суд на Република Македонија, предложен од Судскиот совет на Република Македонија на Република Македонија;
4. **г. Мерсел Пајазити**, судија на Апелационен суд Скопје, предложен од Судскиот совет на Република Македонија;
5. **г-ѓа Клео Бубевска**, Јавниот обвинител во Јавно обвинителство на Република Македонија, предложена од Советот на јавни обвинители;
6. **г. Коле Штерјев**, Јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за гонење на организираниот криминал и корупцијата, предложен од Советот на јавни обвинители;
7. **г. Димитар Ѓеоргиевски**, директор на Државниот управен инспекторат при министерството за правда на Република Македонија, предложен од министерот за правда.

## VII. ЕДУКАТОРИ ВО АКАДЕМИЈАТА

Согласно член 26 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, едукаторите се експерти кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука. Согласно член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители Управниот одбор на Академијата ја утврди листата на постојани и повремени едукатори и тоа со Одлука за утврдување на листа на постојани и повремени едукатори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители - бр. 02-155/8 од 16.5.2007 година и дополнување на оваа листа со Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на листа на постојани и повремени едукатори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители – бр. 02-237/7 од 26.6.2007 година и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на листа на постојани и повремени едукатори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители – бр. 02-551/3 од 28.12.2007 година. Заради спроведување на програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година, Управниот одбор исто така донесе и Одлука за утврдување на листа на едукатори за спроведување на програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година – бр. 02 – 449/3 од 21.12.2007 година и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на листа на едукатори за спроведување на програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година – бр. 02-551/2 од 28.12.2007 година.




Согласно горенаведените одлуки, **едукативниот процес во Академијата непосредно го спроведуваат вкупно 108 едукатори и тоа 58 постојани едукатори, од кои 43 судии и 15 јавни обвинители, и 50 повремени едукатори, од кои 5 судии во пензија, 25 универзитетски професори, 4 адвокати и 16 други експерти. Согласно правилникот за одделени теми и области беа ангажирани и 7 ад хок експерти (домашни и странски) од разни области.**

- Постојани едукатори:







- Повремени едукатори:







## II. ДЕЛ - ПОЧЕТНА ОБУКА

### I. ОСНОВНИ ЦЕЛИ, СТРАТЕГИЈА

Основната цел на Академијата е преку селекција и спроведување на почетната обука за кандидатите за судии и јавни обвинители да обезбеди компетентно, независно и ефикасно вршење на судската и обвинителската функција.

За прв пат во Република Македонија се создава објективен систем насочен кон амортизирање на политичкото влијание при првиот избор на судиите и јавните обвинители, заснован на прецизни и мерливи критериуми за:

- Селекција и влез во Академијата преку двоен филтер – квалификационен тест и приемен испит
- Оценување на знаењето и активноста на учесниците во текот на обуката врз кредит трансфер системот на Болоњската школа
- Полагање на завршниот испит
- Фер и транспарентна постапка за пријавување и селекција на едукаторите и менторите
- Професионален и независен состав на Комисиите за приемен и завршен испит

## II. ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОЧЕТНАТА ОБУКА

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2007 година, Академијата реализираше голем број на активности во насока на:

- Донесување на Програмата за приемен испит и Програмата за почетна обука и подзаконската регулатива на Академијата, од страна на Управниот одбор
- Спроведување на подготвителна настава
- Спроведување на квалификацискиот и на приемниот испит за прием на кандидати во Академијата
- Спроведување и почеток на теоретска настава
- Формирање и објавување на составот на едукаторските тимови за секој наставен предмет во почетната обука.
- Составување и објавување на детален распоред на часови за периодот на теоретската настава според наставни планови на едукаторските тимови и поединечните едукатори.

Стартот на почетната обука во Академијата и бројот на кандидатите кои беа примени беше определен со објавувањето на одлуките на Судски совет на Република Македонија од 28.05.2007 година и Советот на јавни обвинители од 22.05.2007 година за бројот на слободни места за судии и јавни обвинители во основните судови, односно основните јавни обвинителства. Со овие одлуки беа определени 15 (петнаесет) слободни места за судии и 10 (десет) слободни места за заменици јавни обвинители.

Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана 4.06.2007 година, донесе Одлука за распишување јавен оглас за прием на кандидати во Академијата за следење на програмата за почетна обука за 2007/2008 година.

Врз основа на Одлуката на Управниот одбор, на 06.06.2007 година во „Службен весник на Република Македонија“ беше распишан јавен оглас за прием на кандидати за следење на Програмата за почетна обука во Академијата за вкупно 25 (дваесет и пет) места за судии и заменици јавни обвинители.

Во соработка со CARDS 2004 проектот „Техничка помош за поддршка на формирање на институт за обука на правосудството – втора фаза“, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, согласно член 93 од Статутот на Академијата, на 4 -5 и 6 - 7 јуни 2007 година се спроведе подготвителна настава за прием во Академијата, со која беа опфатени две групи на заинтересирани кандидати и тоа во првата група беа опфатени 61 заинтересирани кандидати и во втората група беа опфатени 74 заинтересирани кандидати. Подготвителната настава се спроведе заради доследно остварување на начелото за правична и соодветна застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, посебно за оние кои им припаѓаат на заедниците што сочинуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, но во наставата беа опфатени и припадници на македонскиот народ, со оглед на огромниот интерес кој беше изразен по повод информирањето на пошироката јавност за настанот се одлучи и тие да бидат опфатени во подготвителната настава.

Програмскиот совет на Академијата, во рамките на својата активност, ја утврди Програмата за почетна обука на кандидати за судии и заменици јавни обвинители, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 4 јуни 2007 година.

Комисијата за квалификација и прием на кандидати на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, беше конституирана на 22 јуни 2007 година.

Согласно Законот, селекцијата на пријавите на кандидати за прием во Академијата се изврши врз основа на квалификациски тест и приемен испит, согласно правилата и принципите утврдени со Правилникот за начинот и постапката за полагање и оценување на квалификацискиот тест во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Правилникот за начинот и постапката за полагање и оценување на приемниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, двата објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/07, во месеците јуни и јули 2007 година, а согласно Програмата за приемен испит, која е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.57/07.

Согласно Правилникот, Одлуката за денот, часот и местото на полагање на квалификацискиот тест го определи Комисијата за квалификација и прием на кандидати и истите ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ бр.81/07, Утрински весник, Лајме и на интернет страницата на Академијата. Квалификацискиот тест за прием на кандидати за следење на Програмата за почетна обука во Академијата се одржа на 9 јули 2007 година. Од вкупно 77 пријавени кои ги исполнуваат условите, на квалификацискиот тест се јавија 71 пријавени кандидати. По објавените резултати од квалификацискиот тест, двајца од пријавените вложија приговори, кои се разгледуваа на седница на Управниот одбор на 13 јули 2007 година и истите беа одбиени како неосновани. Согласно член 18 од Правилникот Управниот одбор ги разгледуваше приговорите во рок од три дена.

Приемниот испит за прием на кандидати за следење на Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија се одвиваше на 18, 19 и 20 јули 2007 година. На приемниот испит од вкупно 50 кандидати кои го поминаа квалификацискиот тест, на приемниот испит се јавија 49 кандидати. За време на приемниот испит, еден кандидат беше дисквалификуван. Писмениот дел од приемниот испит се одржа на 18 јули 2007 година, додека усниот испит со интервју се одржа на 19 и 20 јули 2007 година. Прелиминарната ранг листа беше објавена на 21 јули 2007 година во 14,00 часот на огласната табла и на интернет страницата на Академијата и според истата 40 кандидати го поминаа прагот од 70% освоени бодови.

Беа поднесени вкупно 8 приговори во врска со приемниот испит. На седницата на Управниот одбор одржана на 25 јули 2007 година, Управниот одбор ги одби овие приговори како неосновани.

На оваа седница со Одлука беше утврдена конечната ранг листа од полагањето на приемниот испит за прием во Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија за 2007/2008 година. Со Одлуката, заради остварување на начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, а имајќи ја во предвид бројноста на заедниците согласно податоците од последниот статистички попис на населението во Република Македонија и бројот на утврдени слободни места за судии и јавни обвинители, Управниот одбор ја прошири листата од полагањето на приемниот испит за прием во Програмата за почетна обука. Така, конечната ранг листа

брои 27 места, при што двете дополнителни места се пополнуваат со двајца кандидати кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, а кои имаат освоено најголем број бодови од приемниот испит.

На седницата на Управниот одбор одржана на 31 август 2007 година, беше донесен Заклучок работниот однос на државните службеници кои се вработени во судовите и јавните обвинителства во Република Македонија а кои се примени во програмата за почетна обука на Академијата за обука на судии и јавни обвинители согласно Одлуката за утврдување на конечната ранг листа од полагањето на приемниот испит за прием во Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија за 2007/2008 година се става во мирување со примена член 31 став 2 од Законот за државните службеници – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр.108/05) за времетраењето на почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

## III. ТРАЕЊЕ НА ПОЧЕТНАТА ОБУКА

Почетната обука е во траење од:

- 5 месеци теоретска настава во Академијата
- 9 месеци практична настава под менторство на судии и јавни обвинители во судовите и јавните обвинителства и други институции
- 1 месец подготовка за полагање на завршниот испит




## IV. ЦЕЛИ НА ТЕОРЕТСКАТА И ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА

Стекнување на основните способности и вештини за:

- ефикасно, независно и непристрасно одлучување;
- употреба на јасен, разбирлив јазик во процесните акти;

- подготвеност за примена на европската димензија на правото;
- отвореност спрема компаративните искуства и соработка;
- плуралистичко сфаќање на социјалната средина и мултикултурноста на општеството во кое ќе ги донесуваат одлуките.

## V. ПОЧЕТНА ОБУКА - ТЕОРЕТСКА НАСТАВА

Во текот на теоретската настава во Академијата, се изучуваат и обработуваат:

- правни, општи и специјални предмети
- методолошки плурализам – комбинација на теоретскиот со практичниот пристап, во однос од најмалку 50% во корист на практичниот пристап
- обврска за едукаторите во наставните содржини да обезбедат застапеност на 30% европски и компаративни теми.

Согласно Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија се предвидени вкупно 660 часови, кои се реализираат преку предавања, дебати и дискусии. (прилог –наставен план)

**За реализирање на наставата во почетната обука беа ангажирани вкупно 50 едукатори од кои 1 судија на Уставен суд на Република Македонија; 4 судии на Врховен суд на Република Македонија; 3 судии од Апелационите судови; 15 судии од Основните судови; 1 судија во пензија; 1 јавен обвинител од Вишо јавно обвинителство; 1 јавен обвинител од Основно јавно обвинителство; 19 професори; 2 од Министерството за правда; 1 од Министерството за внатрешни работи и 2 од Адвокатурата. За реализирање на дополнителните часови покрај домашни експерти беа ангажирани и 15 странски експерти од разни правни области**.



Теоретската настава за почетната обука за првата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители започна на 17 септември 2007 година.

На 17 септември 2007 година, учесниците во почетната обука во присуство на директорот и извршниот директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, согласно член 94 став 3 од Статутот на Академијата, ја дадоа следната Свечена изјава „Свечено изјавувам дека во текот на следењето на Програмата за почетна обука во Академијата ќе ги почитувам правилата предвидени со општите акти на Академијата и дека ќе ги чувам како доверливи податоците за конкретни судски и обвинителски предмети што ќе ги стекнам во текот на обуката“. По Свечената изјава беа одржани првите часови од теоретската настава за почетна обука за првата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители.

На 19 септември 2007 година, во просториите на Академијата беше организирано пригодно одбележување на отпочнувањето на почетната обука на првата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители. На овој настан присуствуваа голем број високи претставници**,** на највисоките домашни правосудни органи и институции, претставници на дипломатскиот кор и на меѓународните организации во Република Македонија, а свои поздравни обраќања имаа г. Никола Груевски, Претседател на Владата на Република Македонија, Н.Е. Амбасадор Ерван Фуере, Специјален претставник на Европската Унија и Шеф на Делегација на Европската Комисија, Н.Е. Амбасадор Џилиен Миловановиќ, Амбасадор на Соединетите Американски Држави во Република Македонија како и судија Анета Арнаудовска, директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија.

**Во периодот од 17 септември до 31 декември 2007 година, во програмата за почетна обука на Академијата одржани се вкупно 448 часови согласно распоредот на настава за почетна обука, 74 дополнителни часови и 7 посети на институции.**




Обуката се одвиваше без прекини и застој согласно однапред изготвениот и објавен на учесниците, детален распоред на часови, секојдневно од понеделник до петок и тоа редовните часови во периодот од 8,30 часот до 14,40 часот, со пауза од 5

минути меѓу часовите и од половина час, а по барање на учесниците на наставата, додека дополнителните часови беа одржувани по истекот на редовните најдоцна до 16,20 часот. Редовноста, активностите, оценувањето на учесниците се евидентира секојдневно во евидентниот дневник кој го водат секој од едукаторите .

Од вкупно 448 одржани часови во рамките на редовната настава по предметот граѓанско право одржани се 83 часови, кривично право 72 часови, управно право 15 часови, трговско право 28 часови, етика, деловна култура и деонтологија 16 часови, ИТ 42 часови, криминалистика 16 часови, реторика со правно аргументирање 8 часови, правно истражување 10 часови, недискриминација 6 часови, достапност до правдата 10 часови, судска медицина 9 часови, судска психијатрија 17 часови, судска психологија 11 часови, уставно право 13 часови, англиски јазик 44 часови, медијација 16 часови, методологија на работа и управување со времето 21 часови и комуникациски вештини 11 часови.




Во рамките на дополнителната настава, која беше воведена со цел за продлабочување на знаењата на кандидатите за примена одделни институти од материјалното и процесното законодавство низ конкретни примери, додека часовите беа одржани од страна на судии и обвинители од судовите и јавните обвинителства на Република Македонија од сите инстанци како и од домашни и меѓународни експерти од разни правни области.

Редовните и дополнителните часови од домашните едукатори и експерти се финансирани исклучиво од буџетските средства на Академијата.

Како домашни експерти предавања одржаа: проф. д-р Љупчо Арнаудовски, г. Жан Јовановски, експерт од областа на компјутерскиот криминал г. Љубомир Михајловски – Џанго, адвокат од Скопје, г-ѓа д-р Виолета Чачева, експерт од областа на семејното насилство и г-ѓа Маријана Марушиќ, директор на Дирекцијата за заштита на лични податоци на Република Македонија.

Како меѓународни експерти предавања одржаа: г-ѓа Лигита Гјортлер, експерт за правно истражување од Рига; проф. д-р Цирил Рибичиќ, судија на Уставен суд на Република Словенија; г. Доминик Дурант, магистрат од Франција; г. Жан Мишел Калард, директор на Судската управа во Марсеј; г. Денис Бесле, висок владин функционер во Апелациониот управен суд во Лион; г. Мариано Гарсиа Фресно, раководидетел на Секторот за Аналитика и Превенција за спречување на перење пари од Шпанија и г-ѓа Консуело Караско Гутиерез, советник во Генералниот Директорат на Финансиаката полиција во Шпанија; судија Ева Жоли, советник во министерство за правда и надворешни работи на Норвешка и г. Алмиро Родригез, експерт од областа на психологијата на сведочењето.




Како дополнителна активност на учесниците земено е во предвид и нивното учество на семинарите за организиран криминал и корупција во рамките на Твининг проектот „Одделение за борба против организиран криминал и корупција – Јавно обвинителство", кој се одржуваше во рамките на континуираната едукација и на кој свои предавања имаа голем број видни експерти од оваа област од Република Италија. Семинарот беше организиран од страна на TWINING проектот во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во рамките на редовната настава беа реализирани и седум посети на институции од кандидатите, а кои беа организирани од страна на едукаторите и Академијата и тоа посета на: Основен суд Скопје II и Основен суд Скопје I, Лабораторијата за Крим. Техника при МВР, Централниот регистар за недвижности, Секторот за премер и катастар, Транзитниот центар при МВР на РМ – Биро за јавна безбедност – Сектор за гранични работи и Собранието на Република Македонија.

**На седница на Управниот одржана на 27 декември 2007 година се разгледа листата на ментори утврдени од Судскиот совет на Република и Советот на Јавни обвинители на Република Македонија и вкупно утврдени се 70 ментори и 19 заменици.**




**Теоретската настава за почетната обука за првата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители завршува на 15 февруари 2008 година по што започнува практичниот дел од почетната обука.**

## VI. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Во периодот од 17 септември до 31 декември, наставата во почетната обука е реализирана 100% согласно распоредот на часови за почетната обука и плус дополнителни часови согласно потребите на учесниците кои ја посетуваат наставата.**

## VII. ПОЧЕТНА ОБУКА – ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Целта на практичната обука е кандидатите, под водство на менторите да се обучат и професионално да се оспособат за успешно извршување на судската, односно обвинителската функција.

**Практичниот дел од почетната обука за првата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители, ќе започне на 25 февруари 2008 година и трае 10 месеци.**

Во текот на практичната обука усвоен е концептот на регионално менторство, така што практичната обука ќе се спроведува под менторство на судиите и јавните обвинители од Основните судови Скопје I и Скопје II, Штип, Битола и Апелационите судови, како и од Основните јавни обвинителства Скопје, Штип , Битола и т Вишите јавни обвинителста, а во зависност од регионалното потекло на кандидатите. Во поглед на обуката во Апелационото подрачје Гостивар беше предвидено дека тоа ќе се спроведе по создавањето на претпоставките за функционирање на тој суд. Целта на организирањето на ваквата обука е преку развивање и унапредување на менторството во вид на интерактивна работа, ментор – кандидат да се развиваат и јакнат

капацитетите и ефикасноста на судско обвнинтелскиот систем на територијата на цела Република Македонија.

Практичната обука ќе се спроведува под насоки и упатства на менторите – судии и јавни обвинители, првенствено во судовите и јавните обвинителства, но може да се спроведува и во други државни и други органи и организации кои имаат допирни точки со извршување на судската и обвинителската функција согласно Правилникот за текот и начинот на одвивање на практичниот дел од почетната обука, правата и обврските на кандидатите за судии и јавни обвинители и менторите „Службен весник на РМ“ бр.5/08 и согласно Програмата за практична настава која се уште е во фаза на изработка.

Оваа обука ќе се реализира преку:

- решавање на вистински и хипотетички случаи
- учество во симулирани случаи
- изработка на есеи
- изработка на процесни акти и други писмена

## VIII. ОБУКА НА МЕНТОРИТЕ

Во рамките на континуираната обука предвидена е и обука на менторите, која е планирана да се реализира на 21 и 22 февруари 2008 година преку КАРДС програмата и една обука во рамките на проектот за билатерална соработка со Француската амбасада.

Последниот (десеттиот) месец од практичната обука, кандидатите ќе се подготвуваат во Академијата за полагање и го полагаат завршниот испит.

# III. ДЕЛ - ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

## I. ЦЕЛИ НА ОБУКАТА И ЦЕЛНИ ГРУПИ

Согласно член 42 и член 43 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр.13/2006), Академијата спроведува постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и други целни групи детално наведени во Законот.

Правото и обврската на постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се остварува во Академијата во зависност од нивниот стаж, согласно член 43 од Законот и тоа, времетраењето на стручното усовршување на судиите и обвинителите кои имаат до осум години стаж како судија, односно обвинител изнесува најмалку 50 часа во текот на годината; на судиите и обвинителите кои имаат над осум години стаж како судија, односно обвинител изнесува најмалку 30 часа во текот на годината и на судиите и обвинителите кои имаат над 15 години стаж како судија, односно обвинител изнесува најмалку 15 часа во текот на годината.




**Концепција и цели**

Со Законот за Академијата се воведе новина и во поглед на континуираната обука. Имено со создавање, усвојување и објавување на Рамковна годишна (или двогодишна)програма за обука се воведува структуирана, детално планирана, конзистентна, институционална континуирана обука на судиите и ЈО која понатаму понатаму се реализира преку создавање и објавување на детален календар на активностите.

Целта на реализирање на Програмата за постојана обука е одржување и проширување не само на правните знаења .и способноста за практична примена на законите,од страна на судиите и ЈО, туку и развивање на нивните комплементарни вештини, потребни за вршење на судско обвинителската функција, особособување за примена на мегународното право и право на ЕУ и пракса во секојдневната работа, јакнење на нивниот интегритет, што во поширока смисла ќе придонесе кон зајакнување на независноста на судството и самостојноста на обвинителството. Крајна цел на Програмата е создавање на модерен и ефикасен правосуден систем кој води кон транспарентно, праведно и ефикасно правосудство и задоволување на стандардите на Европската унија и подговување за интеграција на правосудниот систем на Република Македонија во Европска Унија и оспособување на судиите и обвинителите за процес на доживотно учење.

**Целни групи:**

- **589 судии и 180 јавни обвинители и нивни заменици**
- **18 судии на новоизбраниот Управен суд на РМ и 11 судии на новоизбраниот Апелационен суд во Гостивар**
- **државните службеници во Министерството за правда, кои вршат работи од областа на правосудството:**
    - 12 стручни државни службеници;
    - 3 административно - стручни државни службеници
- **стручни соработници во судовите и јавните обвинителства:**

- 308 стручни соработници во сите судови во Република Македонија;
- 39 стручни соработници во сите јавни обвинителства во Република Македонија

➢ **судски и обвинителските службеници:**

- 1.500 службеници во сите судови во Република Македонија;
- 230 службеници во сите јавни обвинителства во Република Македонија.




## II. ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за обука беше изработена врз основа на претходно детално испитување и анализа на реалните потреби на целните групи, користење на компаративни материјали од другите тренинг школи

➢ Анкетирани судиите, јавните обвинители, судско обвинителските службеници, стручните соработници, раководните службеници во сите правосудни институции во Република Македонија (судови, јавни обвинителства, Омбудсман, Адвокатската комора и др.)

➢ Консултирање на институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, Здруженијата на судии и јавни обвинители, Правните факултети, професионалните комори и други релевантни правосудни институции и организации, спроведено од стручната служба на Академијата.

➢ **Новина – воведување на консултација на разни други институции за темите потребни за обука на судиите и јавните обвинители** (Берза, Царинска управа,Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Државна Комисија за спречување на корупција, Секретаријатот за европски прашања, невладиниот сектор итн.)

## III. РЕАЛИЗАЦИЈА

Во текот на 2007 година во рамките на постојаното стручно усовршување, Програмскиот совет на Академијата ги донесе следниве програми за обука:

- Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 29 јуни 2007 година;
- Програмата за постојано стручно усовршување на стручните службеници во судовите и обвинителствата, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 29 јуни 2007 година;
- Програмата за постојано стручно усовршување на раководните службеници и стручно - административните службеници во судовите и јавните обвинителства, која Управниот одбор ја усвои на седница одржана на 29 јуни 2007 година;
- Програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година 12.11.2007.

Согласно член 123 од Статутот, по усвојувањето на Рамковната програма за постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и програмите на другите целни групи, од страна на Академијата, во почетокот на септември 2007 година беше составен и доставен до сите целни групи во судовите и во Република Македонија, како и до Министерството за правда. Во истиот детално беа наведени обуките според датуми,место на одржување, одделните целни групи и темите. Календарот беше доставен до секој судија и јавен обвинител со повикување за навремено пријавување за одделна обука за која се заинтересирани.

Постојаната обука на сите целни групи се одвиваше во текот на целата година, но поради обемните подготвителни активности околу обмислувањето и реализирањето на почетната обука за идните судии и ЈО која беше основна и приоритетна поставена цел на Академијата, интензивната постојана обука започна во септември 2007 година паралелно со отпочнувањето на почетната обука.

Фокусот на обуката во периодот на септември –декември 2007 година беше насочен кон судиите и јавните обвинители од сите целни групи и региони и тоа претежно на новоизбраните судии и ЈО, по однос на кој согласно Законот за Академија е предвидена задолжителна обука во траење од 3 месеци во текот на годината. Обука беше понудена за секој судија и ЈО во судовите и ЈО и целната група од МП кои согласно Законот можат да учествуваат во редовните програми за постојано стручно усовршување на судиите и ЈО. Поради исполнување на законската обврска за реализирање на законски предвидениот минимум на обука за секој судија и ЈО сразмерно со годините на стажот,мал број на обуки беа спроведени за другите целни групи како што се стручните соработници во судовите и ЈО, како и за судско обвинителските службеници и државните службеници во МП.

## IV. ЕДУКАТОРИ

Во реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување во 2007 година учествуваа голем број на домашни и странски едукатори кои во голема мера придонесоа кон успешната реализација на усвоените Програми за обука на Академијата. Најголем дел од домашните експерти се судии и јавни обвинители, но исто така беа вклучени и претставници на релевантни државни институции како и правни експерти од областите што беа опфатени со обуките.

Од особено значење за проширување на знаењата на судиите и јавните обвинители беше и учеството на **48 меѓународни експерти** кои беа едукатори на обуките што беа организирани во соработка со странските проекти како што се КАРДС, ОПДАТ, Советот на Европа, IFC, Твининг проектот и др.

## V. ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ

За јакнење на капацитетите на Академијата, како и за усовршување на стручните знаења и вештини на домашните едукатори, Академијата успеа да реализира неколку студиски посети за едукаторите како и размена во неколку европски држави во соработка со EJTN, а особено е значајна е обуката на едукатори од областа на човековите права и европското право, која беше реализирана во рамките на КАРДС, HELP Програмата на Советот на Европа за обука за Европската конвенција за човекови права **и за одделни сегменти од правото на Европската Унија (заштита на конкуренција, внатрешен пазар, заштита на податоци, како и одделни сегменти од судско обвинителското работење (техники на пишување на пресуди и др.).** Со цел за создавање на доволен број на едукатори од областа на европското право и човековите права, потреба што беше утврдена уште при самиот почеток на работа на Академијата, оваа меѓународна соработка ќе продолжи и во текот на 2008 година.

### Содржина на обуките

Програмата за постојано стручно усовршување се реализираше преку организирање на работилници, семинари, конференции и тркалезни маси со примена на современи научни техники и наставни методи за обука на возрасни како што се power point презентации, студија на случаи од домашната и меѓународната пракса, дискусии, кратки тестови со прашања и сл., а на следните теми и содржини:

➢ Општи теми и практични искуства во примена на законските решенија:

- Новините во материјалното и процесно законодавство од основните области на правото (кривично,граѓанско, трговско,)
- зголемување на професионалните способности во насока на јакнење на логичката и аналитичка аргументација во изготвување на судско обвинителските одлуки
- запознавање со судско обвинителската пракса
- борба против организиран криминал и корупција, трговија со луге
- обука за други комплементарни вештини: етика, деонтологија, судска психологија, менаџирање со време и предмети, комуникациски вештини, односи со јавноста и медиумите, јакнење на способности за алтернативно решавање на споровите -медијација

- изучување на одделните членови од ЕКЧП со соодветната пракса на домашните судови. како и компаративна пракса на други држави и на ЕСЧП и на другите меѓународни судови со цел за правилна примена на меѓународните стандарди за правично судење во разумен рок

- Модулите за општите и посебните области на мегународно право и правото на ЕУ(право на конкуренција,интелектуална сопственост,заштита на потрошувачите, мегународен стечај, мегународно хуманитарно право и др.

- Странски јазици (англиски и француски- почетен и напреден курс) и часови по ИТ и правно истражување

## VI. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Со оглед на бројот на судиите и ЈО во судовите и ЈО на регионите на Апелационите подрачја Битола, Штип и Скопје, ограничените просторни капацитети на Академијата (кои главно беа ангажирани за одвивање на редовната почетна обука), од причини на економичност, намалување на трошоците за патување и ноќевање, ефикасно користење на работното време на судиите и ЈО, со цел да не дојде до непотребни одлагања на судењата, и подолги отуства на судиите и ЈО од работните места, обуките во сосема мал дел се одвиваа во просториите на Академијата, а првенствено децентрализирано, во салите на Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип. Ваквиот начин на обука во вид на еднодневни и дводневни работилници на разни теми, обработувани од практичен аспект, беше широко прифатен од целните групи поради работната атмосфера на обуките, и можноста за рационално искористување на остатокот од работното време за судење и обавување на другите редовни судско- обвинителски должности. Обуките се одвиваа во текот на работното време, но и по истекот на истото, а заради рационалност дел од обуките беа спроведувани и во саботите.

## VII. ЕВИДЕНЦИЈА

Согласно Законот, Академијата води посебна евиденција за судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда, кои што учествувале во активностите предвидени со Програмата за која евиденција е одговорен Раководителот на Одделението за информатика.

За бројот на задолжителните часови согласно Законот за Академија, поминати на постојано стручно усовршување, Академијата им издава потврди на судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда кои вршат работи од областа на правосудството, и тие податоци ги доставува до Републичкиот судски совет, Советот на јавни обвинители и министерот за правда. Воедно, Академијата ги признава и часовите поминати на обука за странски јазици и ИТ, како и часовите поминати на обука организирани во соработка со други организатори доколку тоа е однапред договорено помеѓу односните субјекти.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБУКИТЕ

Програмата за постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се реализираше со сопствени средства од Буџетот на Република Македонија, а според приоритетите и потребите на судиите и јавните обвинителите.

Воедно, во реализација на дел од Програмата се обезбедија финансиски средства преку проекти од меѓународни организации. Во продолжение следи подробен преглед на реализираните проекти според број на активности,учесници, место и време на одржување, теми и сл.




**Најзначајни проекти реализирани во текот на 2007 година се:**

- CARDS 2004 проектот „Техничка помош за поддршка на формирање на институт за обука на правосудството – втора фаза" која техничка помош се состои од три сегменти и тоа нормативна – при изготвување/измена на релевантната законска и подзаконска регулатива; при изготвување и спроведување на сите програми за обука, спроведување на подготвителна настава за припадниците на заедниците во Република Македонија, на квалификационен тест, приемен и завршен испит;при организирање на обуки со учество на експерти на ЕУ; поддршка на институционалниот развој на Академијата и обезбедување на нејзината одржливост.

- Набљудувачка мисија на OSCE во Скопје (Оддел за владеење на правото), Академија, Амбасада на САД во РМ/Програма ОПДАТ, МП и МВР на РМ Проект „Јакнење на капацитетите на судството и обвинителството за постапување во предмети против човечноста и меѓународното право во контекст на враќањето на 4-те случаи од ICTY.

- Проект за билатерална македонско – француска соработка во областа на обука на правосудството, финансиран од Владата на Р. Франција, а во организација на Амбасадата на Р. Франција во Р. Македонија преку мисијата на францускиот експерт - г-н Dominique Durand, јавен обвинител за финансиски криминал, во

рамки на која во наредните две години, ќе се реализираат повеќе сегменти на соработка.

- TWINNING Проект „Приближување на законодавството за конкурентската политика и зајакнување на административниот капацитет на телото за заштита на конкуренцијата“.

- Амбасада на САД во РМ/Програма ОПДАТ – Канцеларија за развој, помош и обука на јавни обвинителства при Министерството за правда на САД, организирање на семинари, студиска посета за судиите и ЈО во САД и курсеви за англиски јазик (почетно и напредно ниво).

- USAID/DPK Consulting - обука на судска администрација и новоизбрани судии.

- TWINNING Проект за борба против организираниот криминал и корупцијата учество на судии и јавни обвинители од Одделението за гонење на сторители на дела од областа на организираниот криминал и корупцијата при ЈОРМ, МВР и финансиска полиција, администрација и други судии и јавни обвинители во поглед на обуки за борба против организиран криминал и корупција, трговија со луѓе, компјутерски криминал, итн.

- Програма HELP на Советот на Европа:

  - цел на Програмата - целосно интегрирање на стандардите и концептите на вградени во Европската конвенција за човекови права и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права во наставните програми и планови на националните тренинг институции во сите држави членки на Советот на Европа.

- Регионален проект на Германско друштво за техничка соработка (GTZ) при Сојузното министерство за економска соработка развој на СР Германија:

  - Цел - спроведување обуки на судиите и јавните обвинители за примена на Законот за стечај и ЗТД, во корелација со регионалните искуства, јакнење на капацитетите на македонското правосудство, зголемување на јавната доверба во правосудството и согласност на домашното законодавство со релевантното Acquis на Европската унија

- TEMPUS Проект „Кон ЕУ стандардите за авторско право и сродни права“, во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“ и други проекти подробно наведени во прилогот.

Исто така, Академијата обезбеди финансиски средства и за финасирање од свои средства на судии и обвинители за студиски патувања во странство заради активно вклучување во актуелните активности кои ги организираат и нудат модерните европски тренинг институциите и мрежи за обука.

## IX. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

**Од вкупно 109 планирани обуки за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, само три (3) од нив беа одложени што подразбира извонредно висок степен на реализација на обуките од 97,25 %. Еден семинар**

**беше одложен поради зафатеност на странските експерти (се одржа во јануари 2008 година), а другите два поради студиски посети на домашните едукатори.**

**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2007 година, во организација на или во соработка со Академијата одржани се вкупно 123 семинари, односно 1506 вкупно поминати наставни часови обука, со учество на вкупно 2987 учества на учесници и тоа 2048 судии, 681 јавни обвинители, 94 стручни државни службеници од судовите, 28 стручно административни државни службеници од судовите, 19 стручни државни службеници од јавните обвинителства, 2 стручно административни државни службеници од јавните обвинителства како и 115 други учесници и гости.**




**Ваквиот извонреден степен на реализација на планираните обуки, доведе до задоволителен степен на исполнување на законскиот минимум на обука за секој судија и јавен обвинител во Република Македонија** (прилогот за список на судии и јавни обвинители за број на часови).

Со оглед на обемноста на материјалот, во прилог доставуваме табеларен приказ на реализирани обуки во текот на 2007 година каде се наведени сите обуки вклучително со темите, место и датум на одржување, времетраење како и бројот на учесници.

## X. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ

Во рамките на специјализираните програми на Академијата, во периодот од 19 ноември до 4 декември 2007 година, Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија спроведе специјализирана **„Програма за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд“**.

Методологијата на која беше спроведена оваа обука се состои од 60 наставни часа интерактивно предавање кое го изведоа судии кои работат на управната материја како и професори по управно право, практичари од институции, органи и тела кои секојдневно работат на управната материја и решаваат управни работи.

Во спроведувањето на Програмата, освен Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, беа вклучени повеќе институции и тоа Врховниот суд на Република Македонија, Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Државна изборна комисија, Царинска управа на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Државен завод за геодетски работи, Дирекција за заштита на личните податоци на Република Македонија кои дадоа значителен придонес кон успешното реализирање на оваа Програма.

Во однос на специјализираните програми на Академијата, потребно е да истакнеме дека се планирани и во фаза на имплементација се и Програмата за обука на судиите од Апелациониот суд Гостивар, кривичен и граѓански оддел, кои програми ќе се реализираат во текот на месец јануари 2008 година.

## XI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2007 година Академијата оствари плодна меѓународна соработка во рамките на која беа реализирани ***34 студиски патувања за обука на судиите, јавните обвинители, едукаторите, вработените и на органите на Академијата со вкупно 113 учесници*** како претставници од Република Македонија. Од нив 57 биле од редовите на судиите, 27 од редовите на јавното обвинителство, а како претставници на вработените и органите од Академијата меѓународна посета оствариле 29 учесници. Како особено значајни за стручното усовршување на судиите и јавните обвинители, би ги издвоиле трите посети на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија во Хаг, четирите обуки на едукаторите од областа на човековите права и Европското право, како и студиската посета на Школата за магистрати на Франција.

Како што беше и погоре наведено, за јакнење на капацитетите на Академијата, беа реализирани **5 студиски посети за обука на едукатори** од областа на европското право и човековите права на која учествуваа **11 судии и јавни обвинители** од листата на постојани едукатори на Академијата. Исто така, од редот на вработените и органите на Академијата, беа реализирани **14 студиски посети**, меѓу кои би ги издвоиле:

- учество на регионална конференција на тренинг центрите на Балканот од 6-8 февруари 2007 година во Драч, Албанија;
- учество на 9-то Генерално собрание на Европската мрежа за судска обука (EJTN) во Триер, Германија од 11 до 13 јуни 2007 година;
- учество на 9-от пленарен состанок на Лисабонската мрежа од 9 до 11 октомври 2007 година во Стразбург, Франција;
- студиска посета на Националната школа на магистрати во Париз и Бордо, Р.Франција, од 15-17 октомври 2007 година;
- учество на работилница HELP Prorgamme во Стразбург, Франција, на 26.3.2007 година;
- учесник на евалуациониот состанок на Проектот за дообука на судии, обвинители, адвокати и правници од областа на човековите права во земјите од Југоисточна Европа во Сараево, БиХ, на 30 март 2007 до 2 април 2007 година.

Составен дел на овој извештај е и табелата за реализирани студиски патувања во текот на 2007 година, каде што детално се наведени темата на семинарот, датумот и местото на одржување, како и бројот на претставници од македонското правосудство.




На Деветтото Генерално Собрание на Европската мрежа за судска обука (EJTN), при ЕУ, одржано од 11 до 13 јуни 2007 година во Триер, Сојузна Република Германија, Академијата е примена со статус на набљудувач, заедно со Хрватската правосудна Академија.

Во рамките на оваа размена,поднесени се апликации за два проекти со шпанската школа за судии во Барселона за програмата за кривична правда, учество во програмата за размена на судии и јавни обвинители и учество во календарот на обуки организирани од ЕЈТН за 2008 и покана на судии и јавни обвинители на обуки организирани од Академијата - календарот за 2008 година во рамките на оваа соработка почна и испраќање на наши судии и јавни обвинители во Академијата за европско право.

Академијата стана членка на Европска мрежа за размена на информации помеѓу лица и субјекти одговорни за обука на судиите и јавните обвинители (Лисабонска мрежа), во рамки на Советот на Европа, а претходно беше член и Центарот за континуирана едукација во рамките на Здружението на судиите на РМ.

## IV. ДЕЛ - ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

### I. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ СРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Во текот на остварувањето на своите активности а заради унапредување на процесот на едукација на судиите и јавните обвинители, Академијата за обука на судии и јавни обвинители склучи Меморандуми за соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, како и со Полициската Академија. Меморандуми за соработка Академијата склучи и со Здружението на судии во Република Македонија и Здружението на јавните обвинители во Република Македонија, а започна и со заедничко организирање на обуки со Здружението за кривично право и криминологија на Република Македонија.

Исто така, во насоки на подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Академијата е вклучена и во работните групи во рамки на Министерството за правда, Министерството за економија, Државната Комисијата за спречување на корупција и Државниот Завод за индустриска сопственост.

Така, Извршниот директор на Академијата Татијана Темелкоска – Миленковиќ е претставник на Академијата во работната група на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), во работната група за НПАА во рамки на Државната Комисијата за спречување на корупција и во Националната комисија за меѓународно хуманитарно право во рамки на Министерството за правда. Раководителот на одделението за постојано стручно усовршување Сандра Бузлиева е член во работната група за подготвување на НПАА за Поглавјето 3.7 – Право на интелектуална сопственост и одговорна за следење на активностите од Програмата за поттикнување на инвестициите, од Министерството за економија.

Во текот на годината беа остварени и повеќе средби со претставниците на професионалните комори на адвокатите, извршителите, нотарите и медијаторите со кои беа постигнати договори за блиска заедничка соработка и организирање на обуки во смисла на чл.132 од Статутот на Академијата.

Во оваа смисла сметаме дека е потребно да истакнеме дека Академијата изрази отвореност и подготвеност за соработка со сите други институции и организации кои би можеле да дадат придонес во поглед на квалитетно и ефикасно спроведувањето на обуката и остварувањето на сите други законски цели и определби на Академијата

## II. ПЛАНОВИ И ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ И НАТАМОШНА ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Во правец на изградба и јакнење на институцијата и градење на капацитетите а согласно Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) во периодот од почетокот на 2007 година до денес во Академијата беа реализирани 4 вработувања на државни службеници додека една постапка за вработување е сеуште во тек. Едновремено, Академијата поднесе предлог за менување на НПАА во насока на зајакнување на институционалните капацитети и тоа законодавни, кадровски, просторни и технички.

Во смисла на зајакнување на законските рамки, предлозите се однесуваат на потребата од измена и усогласување на Законот за Академијата со сите други закони од областа на правосудството, при што како краткорочен приоритет беше предложено формирање на работна група, со поддршка на министерството за правда и другите институции застапени во Управниот одбор на Академијата, за измена и усогласување на Законот за Академијата особено во насока на решавање на прашањето на статусот на кандидатите во текот на почетната обука, по завршувањето на истата до првиот избор и понатаму како ќе се врши изборот на завршените кандидати и како истите ќе бидат апсорбирани во правосудниот систем на Република Македонија. Ова исто така доаѓа до израз од причина што воочено е дека во новиот Закон за јавно обвинителство исто така не е решен статусот на кандидатите кои доаѓаат од Јавното обвинителство за време на траење на почетната обука, туку само за кандидатите кои ја завршиле истата, па во тој правец заради сигурност на идните кандидати потребно е да се дополни законот.

Во однос на зајакнување на кадровските капацитети на Академијата беше предложена измена на НПАА во насока на вработување на 11 нови вработувања наместо предвидените 5. Ова од причина што при практичната реализација на основните функции на Академијата се покажа дека во моментот нема доволно човечки ресурси за навремено и ефикасно извршување на сите зададени работи и работни задачи. Особено ургентна е потребата од вработување на соработник за меѓународна соработка, односно лице со одлично познавање на странски јазици, чии работни задачи би се однесувале само на оваа категорија дејствија, библиотекар, лице кое би било одговорно за градење на библиотечниот фонд на Академијата, која како научна установа неодминливо мора да води сметка и за развој на библиотека и правно пребарување, при што, за жал, за оваа година не беше предвидена ставка во буџетот за купување на книги и друг библиотечниот фонд за потребите на Академијата, информатички техничар, односно лице кое ќе ја одржува и надградува постоечката база на податоци и ажурира интернет страницата на Академијата, сметководител, односно лице одговорно за финансиско и материјално -техничко работење на Академијата, обврска која произлегува од повеќе законски прописи а која во моментов ја изведува 1 лице вработено со договор за дело, архивар, исто така обврска која произлегува од повеќе законски прописи како и други работни места неопходни за секојдневното функционално работење на Академијата (возач, преведувач, административно технички соработник). Во оваа смисла исто така потребно е да се напомене дека за 2008 година планирано е зголемување на обемот активностите во делот на едукацијата на судиите и јавните обвинители односно зголемен број на семинари, работилници и конференции, за кои потреби ќе биде неопходно надградување на човечките ресурси во Одделението за постојано стручно усовршување

на судии и јавни обвинители и нивни заменици, а заради создавање предуслови за нормално функционирање на истото.

Во однос на зајакнување на просторните и техничките капацитети, Академијата предложи подготвување на визибилити студија за нови просторни решенија за Академијата со која би се надминале сегашните недостатоци во соодветноста на просториите за обука, секојдневна работа и помошни дејности на Академијата. Во делот на зајакнување на техничките капацитети Академијата во тек е јавна набавка за дизајн, развој и имплементација на софтверски решенија за потребите на Академијата (забрзана постапка). Преку овој софтвер во Академијата ќе се води комплетна база на податоци за кандидатите во почетната обука, постојаното стручно усовршување и библиотеката на Академијата, ќе се внесуваат сите активности кои се одвиваат во Академијата. Со цел овој софтвер да функционира, Академијата ќе мора да набави и хардвер кој ќе овозможи поддршка на споменатите софтверски решенија. Набавката на овој хардвер е предвидена во буџетот за 2008 година.

## III. ОСТВАРЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во насоки на реализација на Програмата за постојано стручно усовршување за 2008 година, Академијата изготви и Управниот одбор на седницата одржана на 27.12.2007 година усвои: Календар со планирани обуки за постојано стручно усовршување за 2008 година, Детален календар на планирани задолжителни обуки за постојано стручно усовршување на судии, јавни обвинители и стручни соработници за јануари – февруари 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки на претседатели на судови и шефови на јавни обвинителства за 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на стручни соработници за 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на раководни службеници и стручно административни службеници во судовите и јавните обвинителства за 2008 година и Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на административни судски и обвинителски службеници за 2008 година. Календарите се доставени до секој суд, јавно обвинителство и Министерството за правда. Во календарите се опфатени теми согласно Програмата за постојано стручно усовршување, прилагодено на актуелните потреби од обука на судиите и обвинителите, како: борба против корупција, новата улога на јавните обвинители, малолентичка правда, индустриска сопственост. Академијата е вклучена во Програмите во делот на обуката на повеке министерства, како Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот Завод за индустриска сопственост и други. Така, Академијата се вклучи и во проектот на Министерството за финансии REPAIS, потоа поднесен е предлог проект до УНИЦЕФ, а ќе продолжи и соработката со OPDAT и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

Академијата поднесе до Министерството за правда Предлог проект во рамки на ИПА Фондовите. Предлог проектот е составен од четири компоненти, и тоа: 1) Формирање на регионални центи за обука во Битола, Гостивар и Штип; 2) Воведување на модерен e-learning систем; 3) Набавка на мини автобус со 18 седишта; и 4) Збогатување на библиотечниот фонд, преку претплата на on-line ревии и дата бази.

# IV. ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДДЕЛНИ СЕГМЕНТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

## 1. ПОЧЕТНА ОБУКА

Учесниците во почетната обука во текот на периодот 17.09-31.12.2007 година извршија две евалуации во поглед на организирањето на наставата од страна на Академијата и на неколку суштински компоненти од начинот на реализација на обуката од страна на едукаторите (прилог 2 евалуациони листи 17.09-16.09 и 17.10-17.11.2007)

По повод овие евалуации беа остварени повеќе средби на директорот на Академијата со одделните едукатори кои одржале предавања во оценетите периоди, а на кои присуствуваа и претстаници на учесниците на почетната обука со цел за подобрување на наставата и дискутирање по повод предлозите, забелешките и сугестиите на кандидатите кои беа истакнати на првата и втората евалуација како и за начинот на оценувањето. По одржаните состаноци се дојде до заклучок дека наставата се одвива согласно програмата и распоредот на часовите, дека учесниците се задоволни од изборот и содржината на наставните содржини и теми,начинот на презентација од страна на едукаотирте, а како најистакнати предлози беа: комбинирањето на редовните теоретски часови со примери од практиката; да има повеќе практични часови за анализа на судиски и обвинителски предмети. Со оглед на бројот на часовите и содржината на програмите од страна на кандидатите се предложи и зголемување на времетраењето на теоретската настава од 5 месеци; Едукаторите од иста област меѓусебно да се консултираат за тестовите, за есеите и за домашните работи; потреба од поголем простор и потреба секој кандидат да има свој компјутер поврзан со интернет. Предлозите и сугестиите на кандидатите потоа беа внимателно анализирани од страна на едукаторите и директорот на Академијата и истите ќе се имаат во предвид за во иднина.

## 2. КОНТИУНУРАНА ОБУКА

По завршување на секоја обука на учесниците им беше доделуван на пополнување евалуационен прашалник по кој беа оценувани повеќе сегменти на обуката, како организација, подготвеноста, стручноста на едукаторите, достапноста и корисноста на тренинг материјалите итн. По завршувањето на сите обуки за 2007 година, стручната служба на Академијата изврши обемна работа на сумирање и систематизирање на резултатите, оценките кои понатаму ќе се земат како основа за планирање на идните активности во поглед на подобрување на континуираната обука, намалување на слабостите во работењето, како навремено доставување на материјалите, збогатување на библиотеката, а пред се за одредување на содржината на идните обуки согласно искажаните во евалуацијата потреби на судиите, ЈО и другите корисници на услугите на Академијата, како и за унапредување на едукаторските способности и развивање на нивните наставни вештини.

## V. НАДВОРЕШНА ОЦЕНКА НА СТРАНСКИ ЕСКПЕРТ

Во рамки на Проектот КАРДС 2004 „Техничка помош за востановување на институт за обука на правосудството“ - фаза II, беше изготвена евалуација на работата на Академијата од страна на странски експерт, г.Bernard Menut. Коментарите и препораките на г. Menut се однесуваат на: потреба од посоодветни простории за сместување на Академијата, намалување на мануелното документирање на документите, планирање во поглед на обновување на едукаторите, регионален пристап во организирање на обуките од постојано стручно усовршување, месечна евалуација на едукаторите и менторите, поголема употреба на e-mail, наместо редовна пошта при доставувањето, промовирање на пријавување за обуки преку web страната, користење на excel при обработка на податоци и друго.

## VI. ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата за обука на судии и обвинители секојдневно обезбедува јавно и транспарентно информирање за своите активности преку својата web страна, огласна табла и објавувањето на актите на своето работење во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се на web страната на Академијата, како: актите, организациониот состав, програми за обука, календари, и слично.

Академија за обука на
судии и јавни обвинители

Претседател на Управен одбор,
Абдулаким Саљиу

Прилог:

- Наставен план за почетна обука
- Распоред на часови за одвивање на почетната обука до 31 декември 2007 година
- Евалуационите листи на учесниците на почетна обука
- Табеларен приказ на реализирани студиски патувања во текот на 2007 година
- Табеларен приказ на реализирани обуки во текот на 2007 година
- Табеларен приказ за број на часови